# Велигденска забава

Македонското здружение Даме Груев послем подолго време организираше велигденска забава. Забавата се одржа во саботата пред Велигден ( Велјасабота) во Södertälje, некој ќе рече многу далеку дека е, но далечината не преставуваше никаква пречка за добрата посетеност. (Имаше луѓе кои си беа дојдени организирано со минибус).

Како никогаш досега, забавата протече во еден многу мирен и изразито весел амбиент. Се играше се пееше, а богами и асталите беа преполни со мезиња, пијалоци, а свиреше Миле од Ескилстуна со уште еден свирач од Македонија (специјално дојден) и се разбира црвени велигденски јајца . За најмладите се поделија и шведски påsk јајца наполнети со разни бомбони и påsk зајаци од чоколадо а исто имаше и томбола се со цел да се покријат трошоците и ништо повеќе од тоа.

За убавиот и весел амбиент се погрижија членови на Управниот Одбор, Тале Трпкоски, Лефко Митановски и Јове Дуковски, подпомогнати од Анте Панчевски со сопругата Тања, кои не жалејќи го трудот правеа се само гостите да се чувствуваат добро и весело.

Ќе погрешиме ако не споменеме и тоа дека овај пат имавме неверователно убав локал, комотен, чист и пријатен, за што голема заслуга има Анте Панчевски, кој исто така е нашиот најголем и досега единствен спонзор на клубот а треба да има многу многу повеќе.
Се надеваме дека овие забави ќе успееме да ги повториме уште повеќе пати, да ги направиме традиционални на кои младите ќе бидат присутни во ист голем број како и на оваа прекрасна Велигденска забава, но исто со можност да се направи забава за сите оние кои ја преферираат забавната, модерна музика – очекуваме иницијатива а за останато ќе се снајдеме.

ОД УПРАВНИОТ ОДБОР на друштвото Даме Груев од Стокхолм